# Мирослав Стојановиќ - Шуки



# Mobilis in Mobile

## подвижен во подвижното

културен центар точка, октомври 2005

**Fr. 9** (Simplicius, *Phys.* 24, 13)
τῶν δὲἓν καὶἄπειρον λεγόντων Ἀ. μὲν Πραξιάδου Μιλήσιος Θαλοῦ γενόμενος διάδοχος καὶμαθητὴς ἀρχήν τε καὶστοιχεῖον εἴρηκε τῶν ὄντων τὸἄπειρον, πρῶτος τοῦτο τοὔνομα κομίσας τῆς ἀρχῆς. λέγει δ' αὐτὴν μήτε ὕδωρ μήτε ἄλλο τι τῶν καλουμένων εἶναι στοιχείων, ἀλλ' ἑτέραν τιναφύσιν ἄπειρον, ἐξ ἧς ἅπαντας γίνεσθαι τοὺς οὐρανοὺς καὶτοὺς ἐν αὐτοῖς κόσμους· ἐξ ὧν δὲ ἡ γένεσίς ἐστι τοῖς οὖσι, καὶτὴν φθορὰν εἰς ταῦτα γίνεσθαι κατὰτὸχρεών· διδόναι γὰρ αὐτὰδίκην καὶτίσιν ἀλλήλοις τῆς ἀδικίας κατὰτήν τοῦ χρόνου τάξιν, ποιητικωτέροις οὕτως ὀνόμασιν αὐτὰλέγων.

**Фр. 9** (Simplicius, *Phys. 24, 13*)
Од оние коишто зборуваат за едно, подвижно и неопределено нешто, Анаксимандар од Милет, синот на Праксијад, следбеник и ученик на Талес, рекол дека начело и основа на сите нешта е апејронот, прв востанувајќи го ова име за начело. Вели дека, тоа не е ниту водата, ниту нешто друго од именуваните основи, туку дека е некоја друга неопределена природа, од којашто произлегуваат сите небеса и световите во нив. А оттаму од каде што настануваат сите нешта, нужно е таму да биде и нивното пропаѓање. Имено, тие си плаќаат отплата едни на други заради неправдата, според одреден временски редослед. Тој за ова говори со мошне убави поетски зборови.



Облаци, 2005
комбинирана техника,
130 x 140 см



Mobilis in Mobile (Подвижен во подвижното)

Следејќи една развојна линија во досегашното над петнаесетгодишно присуство на Мирослав Стојановиќ - Шуки во современата македонската ликовна уметност, можеме да заклучиме дека овој автор постојано ги истражува и преиспитува разнородните интерпретативни можности во рамките на делото. За разлика од големиот број досегашни проекти (како на пр. Седумте секретари на СКОЈ, 1996, Црвен ветар доаѓа, 1999; Финална линија, 2001; итн.) во кои отворено ангажирано се произнесува за значајни политички теми од историјата и сегашноста, не е можно да се направи директна аналогија базирана врз принципот на концептуална сличност на проектот Mobilis in Mobile со претходните дела. Напротив, во овој најнов проект авторот ги третира вечните/безвремените теми од природата.

Неговите размисли за карактерот на природните појави се фокусираат, пред сè на создавање визуелни структури низ кои, преку комбинација на различни елементи, го прикажува движењето во природните појави и трансферирањето на поимот движење од природата во уметничкото дело.

Вечното движење од кое „произлегува промената" е претставено преку шест објекти за кои не може веднаш да се посочи една едноставна дефиниција изведена врз основа на традиционалните морфолошки аспекти на уметничкото дело. Специфичните објекти на Мирослав Стојановиќ - Шуки се композиции чија структура ја градат различни материјали и составни делови - најчесто темпера на платно и мобилни елементи - кои за појдовна основа ја земаат формата на сликата. Овие објекти се модели кои, како што сугерираат насловите и претставите, симулираат природни феномени, поточно ја прикажуваат феноменологијата на елементите, а воедно, малку иронично асоцираат на баналното прикажување на омилените класични мотиви во сликарството воопшто.

Бојата како сликарски елемент во делата на Стојановиќ е третирана чисто механички, не во смисла на рефлексија, туку како материјал кој со својата густина ја пропушта или задржува светлината што, комбинирано со мобилите, овозможува различни оптички сензации. Овој концепт е во релација со семиолошките теории на бојата од втората половина на 20 век, природата на бојата е таква што овозможува перцепција на предмети кои сјаат, одбиваат или пропуштаат светлост. Во случајов можеби најблизок е ставот на италијанскиот уметник Франческо Ло Савио, според кој бојата и нејзината густина функционираат како филтер, односно како оптички и симболички однос на проѕирноста и непроѕирноста на материјалот.

Од друга страна, пак, механичкото (машинско) движење на мобилните елементи овозможува конструирање на динамички структури преку кои е претставена визуелизацијата на феноменот движење и трансформацијата на поимот време (кој заедно со просторот) е основен модел со чија помош физиката го интерпретира поредокот, траењето и промената во природата.

Ако се навратиме на постојаната желба на авторот за истражување на различните можности, можеме да кажеме дека овие комбинирани објекти, засновани на поврзување различни елементи, создаваат визуелни структури кои се во функција на (повторно) истражување на појавноста на визуелните феномени. Техничките средства за создавање просторно-светлосни ефекти Мирослав Стојановиќ - Шуки ги користи за постигнување контемплативна, а не технолошка димензија на делото.

Маја Чанкуловска - Михајловска

**Fr. A 12** (Aristoteles, *Metaphysica,* 983b 6)
Τὸμέντοι πλῆθος καὶτὸεἶδος τῆς τοιαύτης ἀρχῆς οὐ τὸαὐτὸπάντες λέγουσιν, ἀλλὰΘαλῆς μὲν ὁ τῆςτοιαύτης ἀρχηγὸς φιλοσοφίας ὕδωρ εἶναί φησιν (διὸκαὶτὴν γῆν ἐφ' ὕδατος ἀπεφαίνετο εἶναι), λαβὼν ἴσως τὴν ὑπόληψιν ταύτην ἐκ τοῦ πάντων ὁρᾶν τὴν τροφὴν ὑγρὰν οὖσαν καὶαὐτὸτὸθερμὸν ἐκ τούτου γιγνόμενον καὶτούτωι ζῶν (τὸδ' ἐξ οὗ γίγνεται, τοῦτ' ἐστὶν ἀρχὴπάντων), διὰτε δὴτοῦτο τὴν ὑπόληψιν λαβὼν ταύτην καὶδιὰτὸπάντων τὰσπέρματα τὴν φύσιν ὑγρὰν ἔχειν· τὸδ' ὕδωρ ἀρχὴτῆς φύσεὼς ἐστι τοῖς ὑγροῖς. εἰσὶδέ τινες οἵ καὶτοὺς παμπαλαίους καὶπολὺπρὸ τῆς νῦν γενέσεως καὶπρώτους θεολογήσαντας οὕτως οἴονται περὶτῆς φύσεως ὑπολαβεῖν· ᾿Ωκεανόν τε γὰρ καὶΤηθὺν ἐποίησαν τῆς γενέσεως πατέρας [Hom. Ξ 201] καὶτὸν ὅρκον τῶν θεῶν ὕδωρ, τὴν καλουμένην ὑπ' αὐτῶν Στύγα τῶν ποιητῶν [Hom. O 37]· τιμώτατον μὲν γὰρ τὸπρεσβύτατον, ὅρκος δὲτὸτιμιώτατὸν ἐστιν.

**Fr. 10** (Pseudo-Plutarchus, *Strom*. 2 (D. 579)
μεθ' ὅν᾿ Αναξίμανδρον Θάλητος ἑταῖρον γενόμενον τὸἄπειρον φάναι τὴν πᾶσαν αἰτίαν ἔχειν τῆς τοῦ παντὸς γενέσεώς τε καὶ φθορᾶς, ἐξ οὗ δή φησι τούς τε οὐρανοὺς ἀποκεκρίσθαι καὶκαθόλου τοὺς ἅπαντας ἀπείρους ὄντας κόσμους. ἀπεφήνατο δὲτὴν φθορὰν γίνεσθαι καὶπολὺπρότερον τὴν γένεσιν ἐξ ἀπείρου αἰῶνος ἀνακυκλουμένων πάντων αὐτῶν. ὑπάρχειν δὲφησι τῶι μὲν σχήματι τὴν γῆν κυλινδροειδῆ, ἔχειν δὲτοσοῦτον βάθος ὅσον ἄν εἴη τρίτον πρὸς τὸπλάτος. φησὶδὲτὸ ἐκ τοῦ αἰδίου γόνιμον θερμοῦ τε καὶψυχροῦ κατὰτὴν γένεσιν τοῦδε τοῦ κόσμου ἀποκριθῆναι καὶτινα ἐκ τούτου φλογὸς σφαῖραν περιφυῆναι τῶι περὶτὴν γῆν ἀέρι ὡς τῶι δένδρωι φλοιόν· ἧστινος ἀπορραγείσης καὶ εἴς τινας ἀποκλεισθείσης κυκλους ὑποστῆναι τὸν ἥλιον καὶτὴν σελήνην καὶτοὺς ἀστέρας.

**Fr. A 5** (Simplicius, *Phys*. 24, 26)
᾿Α. δὲΕὐρυστράτου Μιλήσιος, ἑταῖρος γεγονὼς᾿ Αναξιμάνδρου, μίαν μὲν καὶαὐτὸς τὴν ὑποκειμένην φύσιν καὶἄπειρὸν φησιν ὥσπερ ἐκεῖνος, οὐκ ἀόριστον δὲὥσπερ ἐκεῖνος, ἀλλὰὡρισμένην, ἀέρα λέγων αὐτήν· διαφέρειν δὲμανότητι καὶπυκνότητι κατὰτὰς οὐσίας. καὶἀραιούμενον μὲν πῦρ γίνεσθαι, πυκνούμενον δὲ ἄνεμον, εἶτα νέφος, ἔτι δὲμᾶλλον ὕδωρ, εἶτα γῆν, εἶτα λίθους, τὰδὲἄλλα ἐκ τούτων. κίνησιν δὲκαὶοὗτος ἀίδιον ποιεῖ, δι' ἥν καὶτὴς μεταβολὴν γίνεσθαι.



Сонце, 2005
комбинирана техника,
100 x 140 см

**Фр. А 12** (Aristoteles, *Metaphysica,* 983b 6)

Имено, што се однесува до бројот и видот на начелата, сите не зборуваат исто, туку Талес, којшто е родоначелник на таквата философија, вели дека тоа е водата (затоа и изјавува дека земјата почива на вода), а можеби ја прифатил оваа претпоставка согледувајќи дека храната на сите суштества е влажна и дека самата топлина настанува од неа и живее во неа (а, она од коешто настанува сè, всушност е и начело на сè) . Но, ја прифатил оваа претпоставка и поради тоа што семињата на сите живи суштества по природа се влажни. А, водата е природно начело на влажните нешта. Некои велат дека и оние најстарите коишто живееле многу пред нашето постоење и коишто први расправале за боговите, дека и тие мислеле дека ова е претпоставка на природата. Всушност, сметале дека Океан и Тетида се родители на настанувањето и дека водата е заклетва на боговите којашто од самите поетите се нарекува Стиг. А она коешто е мошне старо треба најмногу да се почитува, особено треба да се почитува заклетвата.



**Фр. 10** (Pseudo-Plutarchus, *Strom.*2 (D.579)

Потоа, Анаксимандар, пријателот на Талес, рекол дека апејронот е целосна причина за секое настанување и пропаѓање и дека од него се одвоиле небесата и воопшто сите светови во нив. Објаснува дека, пропаѓањето и мошне порано настанувањето се случило од самото нивно вртење во круг во неопределено време. Вели дека земјата има форма на валец чијашто висина е една третина од нејзината ширина. Вели и дека, од века, при раѓањето на овој свет се издвоила некоја животворна сила на топло и ладно од којашто се создала некаква огнена топка којашто го опфатила воздухот околу земјата како кора околу дрво. Откако се раскинала и се вообличила во некакви кругови настанало сонцето, месечината и другите ѕвезди.

**Фр. А 5** (Simplicius, *Phys.* 24, 26)

Анаксимен од Милет, синот на Евристрат, пријател на Анаксимандар, вели како и овој, дека природата која претставува основа е една и безгранична, но не смета како него дека е неопределена, туку дека е определена и вели дека тоа е воздухот. Во однос на нештата тој се разликува во нив според густината и реткоста. Всушност, со разредување станува оган, а со згуснување ветер, потоа облак, па со малку повеќе вода, потоа земја, па камен и другите нешта од тоа. А за движењето, тој вели дека е вечно и дека оттука произлегува промената.

Превод и избор на фрагменти:
Петрула Вељановска

## Мирослав Стојановиќ - Шуки

Роден 1963 година во Ниш, Србија и Црна Гора. Завршил Средно уметничко училиште во Ниш. Дипломирал во1990 година на Факултетот за ликовни уметности во Скопје, во класата на проф. Ристо Калчевски. Некогашен член е на мултимедијалната група ЗЕРО. Живее и работи во Скопје.

Адреса: Јуриј Гагарин 51/33, 1000 СкопјеТелефон: 075 520394

Самостојни изложби:

2005 - Скопје, Mobilis in Mobile, Културен центар Точка;
- Скопје, ЈАС + ТИ = НИЕ (Фаза - парафраза), Отворено графичко студио, Музеј на град Скопје;

2001 - Скопје, Финална линија (Масовни гробници), (заедно со Вана Урошевиќ и Исмет Рамиќевиќ), CIX Gallery;
- Скопје, ISQ on Water, CIX Gallery;

1999 - Скопје, Црвен ветар доаѓа, CIX Gallery;

1992 - Скопје, Културно-информативен центар;

1990 - Скопје, Изложба Шуки - Часлав, Галерија на ФЛУ.

Групни изложби:

1998 - Скопје, 1111 Портрет, Четврта годишна изложба на Сорос Центар за современа уметност - Скопје, Х'взи Пашини Конаци

1997 - Скопје, Art City, Х'взи Пашини конаци;
- Скопје, Чифте Амам 3, Чифте амам;

1996 - Скопје, Икона на сребро (CD-ROM), Уметничка галерија Дупло, Втора годишна изложба на Сорос Центар за современи уметности;
- Скопје, Презентација на Икона на сребро, CD-ROM проект на девет македонски уметници (Проект Mister O);
- Скопје, Чифте Амам 2, Чифте амам;

- Скопје, Lajka - The True Story (SCCA Интернет проект), Фоаје на ИОО Македонија;
- Будимпешта (Унгарија), Artpool, Budapest Autumn Festival;
- Марибор (Словенија), Second Computer Art Festival;
- Ротердам (Холандија), V2_East Conference, DEAF;
- Битола, Интерфест;
- Санкт Петерсбург (Русија), IV Saint Petersburg Biennial;
- Истанбул (Турција), YTU Mimarlik Fakultesi;
- Каен (Франција), Contiguite, Das Synthetische Mischgewebe;
- Брно (Чешка), European Video Work;

1994/95 - Скопје, Image Box, Културен центар Мала станица, Прва годишна изложба на Сорос Центар за современи уметности;

1994 - Скопје, Изложба на ликовни педагози, Музеј на град Скопје;

1993 - Скопје, 4. Биенале на млади уметници, Музеј на современата уметност - Скопје;
- Скопје, 1. СИАБ, Културно-информативен центар;

1990 - Скопје, Изложба на дипломирани студенти од ФЛУ;
- Скопје, Десет години од Факултетот за ликовни уметности.

Проекти:

LUR 1992 Белград (Србија и Црна Гора), Дела во мал формат.

LUR 1993 Скопје, Парадоксот на странецот (перформанс)

Награди:

1996 Скопје, Награда на Икона на сребро, Втора годишна изложба на Сорос Центар за современи уметности;



Месечина, 2005
комбинирана техника,
100 x 140 см



Вода, 2005
комбинирана техника,
27 x 122 x 64 см

организација: Контрапункт, Скопје
текст: Маја Чанкуловска
дизајн: Точка™
Контрапункт, контакти:
Илинденска 38, Скопје
тел. 02 3215494;
www.kontrapunkt-mk.org
info@kontrapunkt-mk.org
октомври 2005, Културен центар Точка

Изложбата е дел од проектот
„Слевање на маргините“ поддржан од

organization: Kontrapunkt, Skopje
text: Maja Cankulovska
design: Tocka™
Kontrapunkt, contact:
Ilindenska 38, Skopje
tel. 02 3215494;
www.kontrapunkt-mk.org
info@kontrapunkt-mk.org
October, 2005, Cultural Center Tocka

This exhibition is part of the project
„Confluent margins“ supported by

Swiss Cultural Programme Macedonia

DEZA
DDC
DSC
SDC
COSUDE

PRO HELVETIA
Arts Council of Switzerland